# МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ДАДИЛКИ

објавува

# ОГЛАС ЗА ПРОЈАВУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС

Македонска Асоцијација на Дадилки објавува оглас за пројавување на интерес за кандидати кои ќе учествуваат во обука негувателка на деца:

**Опис на обуката**

Програмата Негувателка на деца е насочена и овозможува работно оспособување на негувателките за професионално работење во рамките на системот за згрижување и нега на деца. Основна цел на програмата е учесниците да се стекнат со поголеми стручни знаења, вештини и компетенции за извршување на задачи и активности во областа на згрижување и нега на деца. Програмата е конципирана во согласност со развој на научни дисциплини од област на детска психологија и ран детски развој, како и во согласност со вештини, компетенции и знаења кои се бараат од профилот на занимање - Згрижувач на деца во домашни услови и детски градинка. Програмата е усогласена со Програмата за ран детски развој која што се применува во градинките во Република Македонија како и со слични програми коишто се реализираат во земји членки на Европска Унија.

**Модули**

- Ран детски развој и детска психологија
- Грижа и нега на новороденче
- Исхрана и здравје кај децата
- Педијатриска прва помош
- Згрижување на деца во детски градинки
- Професионален развој и учење

**Таргет**

Оваа обука е наменета за негувателки на деца кои работат во детски градинки како и за негувателки на деца во домашни услови – дадилки и бејбиситерки. Учесниците ќе се стекнат со валиден сертификат за негувателка на деца.

**Предмет на повикот**

Предмет на овој повик е изразување на интерес за учествување на обука за негувателка на деца. Изведување на обуката е планирано за период октомври - декември 2018 година. Обуката опфаќа практичен и теоретски дел. **Практичен дел од обуката се изведува во детски градинки на територија на општина Центар.** Кандидати ќе имаат можност да ја усовршат праксата заедно работејќи практичен дел од обуката во различни групи на деца во детски градинки.

**Право на учество**

Право на учество имаат физички лица кои ги исполнуваат следните услови:

- Минимум 18 години возраст
- Завршено средно образование
- Жители на Општина Центар – Скопје
- Лица во социјален ризик и тоа: долгорочно невработени лица  - повеќе од една година, кои се активни баратели на работа, корисници на социјална парична помош или самохрани родители

**Рок за изразување на интерес**

Повикот е отворен до 25 септември 2018 година.

**Цена**

3,000 МКД овозможено плаќање на рати, стипендии за определен број на кандидати

**Заинтересирани кандидати потребно е да достават следна документација:**

- Биографија
- Уверение за завршено средно образование ( копија)

**Процедура за пријавување**

Заинтересирани лица  можат да ги поднесат  потребните документи на следната е-маил адреса macedoniannanny@gmail.com или info@babysittingmk.com  или лично/ по пошта  на адреса: ул. Аминта Трети 58 (четврти кат) најдоцна до петок 25 септември 2018 година.

Кандидатите кои нема да достават целосна документација, како и апликациите што ќе бидат примени по истекот на крајниот рок, нема да бидат земени предвид.